**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА РЕВИЗИЈА**

**Бр. 1003-161/8**

**Скопје, 29.04.2009 година**

**До**
**Основен суд Кичево - Кичево**

**КОНЕЧЕН ИЗВЕШТАЈ НА ОВЛАСТЕНИОТ ДРЖАВЕН РЕВИЗОР**

1. Предмет на овој Конечен извештај е извршената ревизија на финансиските извештаи на Основен суд Кичево – Кичево - депозитна сметка (во понатамошниот текст Основен суд) за 2008 година кои се прикажани на страните од 4 до 5.

2. Ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај е извршена согласно член 2 став 1 и 2 од Законот за државна ревизија и Годишната програма за работа на Државниот завод за ревизија согласно член 9 од Законот за државна ревизија.

3. Не е вршена ревизија, ниту сме издале било каков извештај за финансиските извештаи на Основниот суд за годината која и претходи на годината која е предмет на оваа ревизија.

4. Финансиските извештаи од точка 1 на овој Извештај, се одговорност на раководството на субјектот, застапувано од:
   › Мира Анѓелеска - Претседател на Основен суд Кичево од 02.03.2006 година.

5. Одговорност на ревизорите е да го издадат овој Извештај, прикажан на страните 1 до 3, и да дадат мислење за финансиските извештаи од точка 1, засновано на извршената ревизија.

6. Ревизијата од точка 1 на овој Извештај е извршена од страна на тим на Државниот завод за ревизија во периодот од 18.03.2009 година до 19.03.2009 година.

7. Цел на ревизијата на финансиските извештаи од точка 1 е да овозможи ревизорот да изрази мислење:
   -дали финансиските извештаи вистинито и објективно ја искажуваат финансиската положба и резултатот на финансиските активности во согласност со применетата законска регулатива,
   -дали е остварено наменско и законско користење на средствата кои претставуваат државни расходи.

8. Финансиските извештаи кои се предмет на овој извештај се засновани на годишната сметка составена според важечките прописи во Република Македонија со извршени рекласификации поради добивање на појасна слика.

9. Ревизијата е извршена во согласност со Стандардите за Државна Ревизија на Меѓународната организација на Врховните Ревизорски Институции (ИНТОСАИ) кои се пропишани во Република Македонија при вршењето на државната ревизија. Овие стандарди бараат ревизијата да се планира и подготви, со цел да се добие разумно уверување дека финансиските извештаи се ослободени од значајни погрешни прикажувања. Ревизијата вклучува испитувања на докази, проценување на користените сметководствени принципи, како и на важните проценки направени од страна на раководството на субјектот од точка 1 на овој Конечен извештај, давање општа оценка за презентацијата на финансиските извештаи и давање оценка за конкретни финансиски трансакции. Веруваме дека спроведената ревизија ни обезбедува разумна основа за изразеното мислење.

10. Со ревизијата на финансиските извештаи, дадени како составен дел на овој Конечен извештај, ревизијата го утврди следното:

### *10.1. Неправилна примена на акти:*

10.1.1. Во делот на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, почетното салдо на 01.01.2008 година е во износ од 5.345 илјади денари, кое произлегува од извршени уплати од минати години и состојба на средствата на депозитите на крајот на годината односно салдо на 31.12.2008 година во износ од 5.292 илјади денари.

Со ревизија на материјално финансиското работење со вонбуџетските средства како привремен и редовен депозит на депозитната сметка, ревизијата ги утврди следните неправилности:

- не е воспоставена целосна евиденција на начин предвиден во делот петти од Судскиот деловник (главни работни книги и други помошни книги за евиденција ),
- книжењето на податоците во главната книга/дневникот не се врши хронолошки и
- не е изработен Преглед на судските депозити, како прилог кон завршната сметка,

што не е во согласност со одредбите од Судскиот деловник и Законот за сметководството за буџетите и буџетските корисници. Воспоставениот начин на евидентирање на депозитите придонесува Основниот суд да не располага со целосни податоци за депозитните средства.

Ревизијата со спроведените детални тестирања не констатира неправилности во однос на законското и наменското располагање со депозитните средства.

**Препорака:**

Основниот суд да воспостави евиденција на средствата од судските депозити, согласно одредбите од Судскиот деловник, по годишното заклучување на работните книги за евиденција на депозитите да се изработи “Биланс на средствата на депозитите”, а Прегледот на судските депозити да е составен дел на завршната сметка.

11. Според наше мислење освен за изнесеното во точката 10.1, финансиските извештаи ја прикажуваат вистинито и објективно финансиската состојба на Основен суд Кичево – Кичево – депозитна сметка на 31 Декември 2008 година, резултатот од финансиските активности за годината која завршува со тој датум, во согласност со важечката законска регулатива.

12. Според наше мислење, кај Основен суд Кичево - Кичево - депозитна сметка, остварено е законско и наменско користење на средствата во финансиските трансакции кои претставуваат државни расходи за 2008 година.

Скопје, 29.04.2009 година **Овластен Државен Ревизор**



***ул: “Маршал Тито” - 12/3*** ***Овластен Државен ревизор***
***Палата Македонија - Скопје***
***тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*** ----------------------------

**Основен суд Кичево - Кичево**

**БИЛАНС НА ПРИХОДИ И РАСХОДИ ЗА 2008 година**

во 000 денари

| **Опис на позицијата** | **2008** | **2007** |
|---|---|---|
| **Приходи** | | |
| Неданочни приходи | 9,751 | 8,220 |
| **Вкупно приходи** | **9,751** | **8,220** |
| **Расходи** | | |
| **Тековни расходи** | | |
| Стоки и услуги | 4,459 | 2,871 |
| **Вкупно тековни расходи** | **4,459** | **2,871** |
| **Вкупно расходи** | **4,459** | **2,871** |
| **Нето вишок на приходи - добивка по оданочување** | **5,292** | **5,349** |

**Основен суд Кичево - Кичево**

## БИЛАНС НА СОСТОЈБА НА ДЕН 31.ДЕКЕМВРИ

**во 000 денари**

| Опис на позицијата | 2008 | 2007 |
|---|---|---|
| **Актива** | | |
| **Тековни средства** | | |
| Парични средства | 5,292 | 5,348 |
| **Вкупно тековни средства** | **5,292** | **5,348** |
| **Вкупна актива** | **5,292** | **5,348** |
| **Пасива** | | |
| **Тековни обврски** | | |
| Пасивни временски разграничувања | 5,292 | 5,348 |
| **Вкупно тековни обврски** | **5,292** | **5,348** |
| **Вкупна пасива** | **5,292** | **5,348** |



*ул: “Маршал Тито” - 12/3*
*Палата Македонија - Скопје*
*тел:02 3211-262, факс:02 3126-311*

*Овластен Државен ревизор*

-----------------------------